ГОДИШЕН ЗБОРНИК
НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПЈЕ
Природно-математички оддел
Книга 5 (1952), № 2 .
ANNUAIRE
DE LA FACULTÉ DE PHILOSOPHIE DE L'UNIVERSITÉ DE SKOPJE
Section des sciences naturelles
Tome 5 (1952), № 2

Благој С. Попов

ФОРМИРАЊЕ КРИТЕРИУМИ ЗА РЕДУКТИБИЛНОСТ НА НЕКОИ КЛАСИ ЛИНЕАРНИ ДИФЕРЕНЦИЈАЛНИ РАВЕНКИ

B. S. Popov

FORMATION DES CRITÉRIUMS DE RÉDUCTIBILITÉ DES ÉQUATIONS DIFFÉRENTIELLES LINÉAIRES AYANT DES FORMES DONNÉES À L'AVANCE

Скопје — 1952

СОДРЖАЈ

БЛАГОЈ С. ПОПОВ

ФОРМИРАЊЕ КРИТЕРИУМИ ЗА РЕДУКТИБИЛНОСТ НА НЕКОИ КЛАСИ ЛИНЕАРНИ ДИФЕРЕНЦИЈАЛНИ РАВЕНКИ

УВОД

Големата примена на линеарните диференцијални равенки во анализата и посебно во применетета математика е наложила, од диференцијалните равенки тие да бидат најдобро изучени. Меѓутоа класите линеарни диференцијални равенки интеграбилни со квадратури, т. е. оние чии што општи интеграл е алгебарска функција или може да се изрази со класичните трансцедентни функции, се многу ограничени. Тоа значи дека во општ случај не е можно според формата на една линеарна диференцијална равенка, да се познае дали таа равенка е интеграбилна или не е. Поради тоа по различни начини се установуваат методи за решавање на извесни класи диференцијални равенки*.

Во основата на оваа работа се наоѓа аналогијата што постои меѓу алгебарските и линеарните диференцијални равенки. Како што е познато, проблемот за решение на една диференцијална равенка се состои во тоа, да се најде таква функција од независно променливата што ја идентично задоволува. Тоа е пак особината на коренот на една алгебарска равенка. Уште повеќе, бројот на основните функции, кој го определуваат општиот интеграл, се сложува со редот на диференцијалната равенка, што е случај и со бројот на корените на алгебарската равенка. Овие околности, и многу други, како теоријата за симетричните функции, теоријата за инваријантите, теоријата за групите, за алгебарските равенки, раширени и на линеарните диференцијални равенки, се условили извесна аналогија помеѓу нив.

Особините за разложливост и редуктибилност на линеарните хомогени диференцијални равенки од споменатата аналогија ќе бидат ползувани во предложената работа за

* Доведувајќи ја линеарната диференцијална равенка во врска со групите на S. Lie, Vessiot[1]) покажува дека таа во општ случај не е интеграбилна.

установување општи критериуми на редуктибилност на некоj класи линеарни диференциjални равенки.

Интересните истражувања[2]) на проф. Митриновиќ, во врска со проблемот за разложливост и редуктибилност на линеарните диференциjални равенки, ни се дали интерес со удобноста на методите да ги исползваме за добивање на тие општи критериуми на редуктибилност. Тие методи на Митриновиќ се укажуваат нарочно ефикасни, ако се применат на диференциjални равенки чии што коефициенти се рационални функции од независно променливата или се сведуваат на такви.

Во првиот дел ние модифицираме некоj докази и развиваме особено познати разгледувања, воведуваjќи многу посредни расудувања, што следуваат од споменатата аналогиjа меѓу линеарните диференциjални равенки и алгебарските. При тоа jа користиме методата на симболичните оператори, што се голем успех се употребува, како што е познато во теориjата на линеарните диференциjални равенки со постоjани коефициенти, и каде што доаѓа до израз аналогиjата меѓу диференциjалниот полином и алгебарскиот.

Во овоj дел го разгледуваме проблемот за наоѓање заедничко решение на две диференциjални равенки, како и особината за разложливост на еден линеарен диференциjален полином на линеарни симболични фактори. Се разгледува и особината за редуктибилност на една равенка и основните принципи на тоj поим.

За даден диференциjален полином од n-ти ред ($n > 1$), разложлив на n симболични фактори ги даваме законите за формирање на коефициентите му во функции од коефициентите на симболичните фактори. Како последица на овие формули следува и обликот на еден диференциjален полином разложлив на симболични фактори

$$L(x,D)y \equiv \Pi\left(f_{i1}\,D + f_{i1}\,D\lg\frac{f_{11}\,f_{21}\cdots f_{i-1,1}\,W_i}{W_{i-1}}\right)y, \quad D = \frac{d}{dx}$$

каде што W_i се Вронскиани образувани од соодветните системи интеграли. Така добиените формули претставуваат извесно уопштување на тие дадени од Vincent[3]), Floquet[4]) и Mammana[5]).

Исто така се разгледува и обликот на една диференциjална равенка од n-ти ред, кога таа има n конjугирани во смисол на Brassin решениjа.

Вториот дел, користеjќи jа особината за разложливост на една линеарна диференциjална равенка од n-ти ред на линеарни диференциjални равенки од први ред по методот на Митриновиќ, ни дава формирање критериуми на редуктибилност на некоj класи диференциjални равенки од втори ред. Бидејќи пак секоја диференцијална равенка од втори ред, редуктибилна во смисол на Frobenius[6]) е и интеграбилна, добиените критериуми претставуваат такви и за интеграбилноста на посматраните диференцијални равенки. Тешкотиите на кој се наидува при ова се од алгебарска природа, па е предност на посматраната метода што успева сите операции да ги сведе на алгебарски. Користената метода има интерес и заради тоа што го дава системот равенки на кој се сведува дадената диференцијална равенка во експлицитна форма.

Диференцијалните равенки чии интеграли се специјални функции претставуваат предмет на третиот дел од оваа работа. За хипергеометриската, Besselовата, Weberовата, конфлуентната хипергеометриска равенка, како и за равенките на Hermite, Darboux и др. ги наоѓаме условите за редуктибилност а со тоа и системите линеарни равенки од прв ред на кој се сведуваат тие равенки при најдените услови.

Напомнуваме, дека критериумите за интеграбилност добиени од нас за посматраните класи диференцијални равенки претставуваат за тие равенки најопшти критериуми и дека *сите досега познати интеграбилни диференцијални равенки од истиот вид се добиваат како партикуларни случаи од оние од нас добиени.* Тоа е и проверено на многубројни примери систематски изложени со решениа во многу познатата книга на Kamke - *Differentialgleichungen: Lösungsmethoden und Lösungen, Bd.* 1.

Во последниот дел од работата покажуваме како може методата дадена од Митриновиќ да се примени и за диференцијални равенки од по висок ред и дека тешкотиите при това се пренасаат на решавање алгебарски системи од равенки.

Сметам за должност да ја искажам својата благодарност на проф. Митриновиќ за покажаното особено интересување при изработување на оваа работа.

I ДЕЛ

НЕКОЈ ОПШТИ ОСОБИНИ НА ЛИНЕАРНИТЕ ДИФЕРЕНЦИЈАЛНИ РАВЕНКИ ВО ВРСКА СО АНАЛОГИЈАТА МЕЃУ АЛГЕБАРСКИТЕ И ЛИНЕАРНИТЕ ДИФЕРЕНЦИЈАЛИ РАВЕНКИ

1. Линеарната хомогена диференцијална равенка

$$\sum_{\nu=0}^{n} a_\nu(x)\, y^{(n-\nu)} = 0, \tag{1. 1}$$

чии што коефициенти се по претпоставка холоморфни функции од променливата x во еден интервал (α, β) и $a_0 \neq 0$, може да се посматра и како

$$L(x, D)y \equiv \sum_{\nu=0}^{n} a_\nu(x) D^{n-\nu} y \equiv \left[\sum_{\nu=0}^{n} a_\nu(x) D^{n-\nu}\right] y = 0, D = \frac{d}{dx},$$

каде што изразот

$$L \equiv L(x, D) \equiv \sum_{\nu=0}^{n} a_\nu(x) D^{n-\nu}, \tag{1. 2}$$

се вика обичен линеарен диференцијален оператор n-ти ред.

Изразот пак

$$L y \equiv \sum_{\nu=0}^{n} a_\nu(x) D^{n-\nu} y,$$

го викаме диференцијален или операторски полином од n-ти ред.

2. Земајќи ги предвид горните означувања, изразот

$$LM \equiv \sum_{\nu=0}^{n} a_\nu D^{n-\nu} M, \tag{1. 3}$$

покажува дека операторскиот симбол (1. 2) е извршен над M. Претставува ли пак M втор линеарен диференцијален оператор

$$M \equiv \sum_{k=0}^{m} b_k(x) D^{m-k},$$

производот LM претставува нов операторски симбол N од ред $n+m$ и пишеме

$$N(x, D) \equiv L(x, D)\, M(x, D).$$

Викаме дека диференцијалниот оператор N се добива со извршувањето на означените операции во L над M и дека N е составен од диференцијалните оператори L и M земени во тој ред.

Повториме ли ги истите разгледувања за M, ќе имаме

$$M(x, D) \equiv Q(x, D)\, R(x, D)$$

каде што Q и R се диференцијални оператори чии симболичен производ е M. Внесена оваа вредност за M во (1. 3) дава

$$L[Q(R)] \equiv L\,Q\,R$$

По таков начин дефиницијата за симболичен производ од два диференцијални оператора може да се прошири за повеќе оператори. Лесно се заклучува дека овој производ е асоцијативен и дистрибутивен но не и комутативен т. е.

$$LM \neq ML$$

3. Нека се дадени диференцијалните оператори

$$L(x, D) \equiv \sum_{i=0}^{n} a_i(x)\, D^{n-i}$$

$$M(x, D) \equiv \sum_{k=0}^{m} b_k(x)\, D^{m-k}$$

каде што е $n > m$ и $n - m = s$.

Да означиме со P диференцијалниот оператор

$$P(x, D) \equiv \sum_{i=0}^{s} p_i(x)\, D^{s-i}.$$

Тогај L може да се напише во обликот

$$L = PM + R. \tag{1.4}$$

R е диференцијален оператор од исти вид како и L, M и P и од ред помал од s.

Навистина, ако за таа цел M се помножи симболично со $p_0 D^s$ од лево и извади од L, диференцијалниот оператор што го добиваме

$$L - p_0 D^s M \tag{1. 5}$$

е од $n-1$ ред. Одново помножен операторот M со $p_1 D^{s-1}$ и изваден овој производ од (1. 5) дава

$$L - p_0 D^s M - p_1 D^{s-1} M$$

што претставува диференцијален оператор од $n-2$ ред. Продолжувајќи така доаѓаме до

$$L - \sum_{i=0}^{s} p_i(x) D^{s-i} M = R$$

од каде се гледа дека R е диференцијален оператор од $s-1$ ред. Последната пак релација е токму равенството (1. 4).

Ако се земат наместо операторите L, M и P респективно равенките $Ly=0$, $My=0$ и $Py=0$, ќе имаме спрема (1. 4)

$$Ly = PMy + Ry = 0.$$

Од тука ги имаме познатите следствиа:

Ако равенките $Ly=0$ и $My=0$ имаат еден општ интеграл, тогаш тој интеграл е и на $Ry=0$, и обратно. Притежава ли пак $Ly=0$ сите интеграли на $My=0$, тогај очевидно е $Ry\equiv 0$, т. е. сите коефициенти на Ry се нули.

Во тој случај е

$$L(x, D) = P(x, D)\, M(x, D)$$

односно

$$L(x, D) = \sum_{i=0} p_i(x) D^{s-i} \sum_{k=0} b_k(x) D^{m-k}$$

$$= \sum_i p_i(x) \sum_k \sum_r \binom{s-i}{r} b_k(x) D^{m-k-r}$$

Од добиениот резултат следува и теоремата дадена од Libri[7])

Ако две линеарни диференцијални равенки $Ly=0$ и $Py=0$ ја имаат особината, сите решенија на втората да се решенија и на првата равенка, тогај и без интеграција може да се најде една трета равенка $My=0$ од ред $m>0$ така, равенката $Ly=0$ од $m+s=n$-ти ред да се разложува на две равенки од m-ти и s-ти ред.

4. Разлагањето на диференцијалниот полином на такви од понизок ред, нè води по аналогија со разлагањето на алгебарските полиноми на линеарни фактори, до особини нови и заеднички, една од кој е поимот за *редуктибилност* на линеарната диференцијална равенка.

Линеарната диференцијална равенка, на којашто коефициентите во определена област се еднозначни функции од променливата x, *се вика* ***иредуктибилна*** *според* ***Frobenius***, *кога таа ни со една хомогена линеарна диференцијална равенка од понизок ред, чии коефициенти се со истите особини како и на дадената, нема заедничко решение; во обратен случај таа се вика редуктибилна. Секоа линеарна диференцијална равенка од први ред е иредуктибилна*[8]*)*.

Треба да се одбележи дека поимот за иредуктибилност не се ограничува само на линеарните диференцијални равенки. Така нпр. алгебарската диференцијална равенка

$$\Phi\,(x, y, y', \cdots y^{(m)})=0, \quad y^{(k)}=\frac{d^k y}{dx^k},$$

каде што Φ е цела рационална функција по x, y, и неговите изводи, се вика иредуктибилна, кога таа во однос на $y^{(m)}$ е во алгебарски смисол иредуктибилна т. е. Φ не може да се разложи на производ од две равенки од понизок ред спрема $y^{(m)}$ и со коефициенти рационални по однос на

$$y, y', y'', \cdots$$

и ако нема со никаква диференцијална равенка од понизок ред и со исти карактер

$$\Psi\,(x, y, y', \cdots y^{(p)})=0,$$

заеднички интеграл.

5. Прашањето за наоѓање заеднички решенија на две дадени диференцијални равенки со споменатата аналогија не наведува на прашањето од алгебрата за наоѓање најголема заедничка мера за два цели броја или за две цели функции.

Според кажаното во т. 3 заедничките решенија на $My=0$ и $R_1 y=0$ ќе бидат заеднички решенија и на $R_2 y=0$ и $My=0$, па имаме

$$M=P_1 R_1+R_2.$$

По истиот начин се добива

$$R_i = P_{i+1} R_{i+1}+R_{i+2},$$

$$i=1, 2, \cdots k-1.$$

P_i и R_i имаат коефициенти со исти особини како P и секога постоат неравенките

$$n \geqslant \sigma_k > \sigma_{k+1},$$

каде што σ_k го означува редот на R_k.

R_{k+1} или е равен на $\omega(x)$ па дадените равенки имаат заедничко само тривиалното решение $y=0$, или е нула па е заедничкиот интеграл на $Ly=0$ и на $My=0$ е интегралот на $R_{k+1}\, y=0$.

Врз основа на кажаното се заклучува:

Потребен и доволен услов за да биде една диференцијална равенка редуктибилна е да може да се напише во обликот

$$L(x, D)\, y \equiv P(x, D)\, M(x, D)\, y,$$

каде што сумата од редовите на $P(x, D)$ и на $M(x, D)$ е равна на редот на $L(x, D)$.

Наоѓањето на равенката што има за решенија сите решениа на две дадени равенки[9])

$$P(x, D)\, y \equiv \sum_{k=0}^{n} p_k(x)\, D^{n-k}\, y=0,$$

$$Q(x, D)\, y \equiv \sum_{k=0}^{m} q_k(x)\, D^{m-k}\, y=0,$$

станува практично по следниот начин. Зимаме си диференцијалните полиноми

$$A(x, D)\,y \equiv \sum_{s=0}^{m} a_s(x)\,D^{m-s}\,y,$$

$$B(x, D)\,y \equiv \sum_{s=0}^{n} b_s(x)\,D^{n-s}\,y,$$

и образуваме новите полиноми

$$Ry = BPy \equiv \sum_{s=0}^{m} b_s\,D^{m-s} \sum_{k=0}^{n} p_k\,D^{n-k}\,y,$$

$$R_1\,y = AQy \equiv \sum_{s=0}^{n} a_s\,D^{n-s} \sum_{k=0}^{m} q_k\,D^{m-k}\,y.$$

При горната претпоставка, овие два полинома претставуваат еден ист од ред $m+n$, т. е.

$$Ry \equiv R_1 y$$

или по внесување на десните страни

$$\Bigg[\sum_{s=0}^{m} b_s \sum_{k=0}^{n} \sum_{r=0}^{m-s} \binom{m-s}{r} p_k^{(r)}\,D^{m+n-r-s}$$

$$-\sum_{s=0}^{n} a_s \sum_{k=0}^{m} \sum_{r=0}^{n-s} \binom{n-s}{r} q_k^{(r)}\,D^{m+n-r-s}\Bigg]\,y \equiv 0.$$

Подредиме ли ја десната страна на оваа равенка по изводите на y и ставиме сите коефициенти да се рамни на нула, добиваме $m+n+1$ равенка со $m+n+2$ непознати a_s и b_s. Со едната непозната можеме или да ги разделиме равенките па добиваме исти број на непознати како и равенки, или да ги определиме првите непознати од првата равенка

$$a_0\,q_0 - b_0\,p_0 = 0.$$

Ако ставиме $a_0 = p_0$ ќе имаме $b_0 = q_0$. Системот равенки се сведува на $m+n$ равенки со толку непознати.

Детерминантата на системата линеарни равенки треба да биде различна од нула, за да ги еднозначно определиме коефициентите на $Ay=0$ и $By=0$. Ако е детерминантата рамни на нула равенките $Py=0$ и $Qy=0$ имаат заеднички интеграли. Нпр. ако е $n=3$, $m=2$, имаме

$$P(x,D)\,y \equiv (p_0 D^3 + p_1 D^2 + p_2 D + p_3)\,y,$$

$$Q(x,D)\,y \equiv (q_0 D^2 + q_1 D + q_2)\,y,$$

$$A(x,D)\,y \equiv (a_0 D^3 + a_1 D^2 + a_2 D + a_3)\,y$$

$$B(x,D)\,y \equiv (b_0 D^2 + b_1 D + b_2)\,y$$

За определување коефициентите ги имаме од идентитетот

$$[(b_0 D^2 + b_1 D + b_2)(p_0 D^3 + p_1 D^2 + p_2 D + p_3) - (a_0 D^3 + a_1 D^2 + a_2 D + a_3)(q_0 D^2 + q_1 D + q_2)]\,y \equiv 0$$

следните равенки

$$b_0 p_0 - a_0 q_0 = 0$$

$$b_0 (2p_0' + p_1) + b_1 p_0 - a_0 (3q_0' + q_1) - a_1 q_0 = 0$$

$$b_0 (p_0'' + 2p_1' + p_2) + b_1 (p_0' + p_1) + b_2 p_0 - a_0 (3q_0'' + 3q_1' + q_2) - a_1 (2q_0' + q_1) - a_2 q_0 = 0$$

$$b_0 (p_1'' + 2p_2' + p_3) + b_1 (p_1' + p_2) + b_2 p_1 - a_0 (q_0''' + 3q_1'' + 3q_2') - a_1 (q_0'' + 2q_1' + q_2) - a_2 (q_0' + q_1) - a_3 q_0 = 0$$

$$b_0 (p_2'' + 2p_3') + b_1 (p_2' + p_3) + b_2 p_2 - a_0 (q_1''' + 2q_1'') - a_1 (q_1'' + 2q_2') - a_2 (q_1' + q_2) - a_3 q_1 = 0$$

$$b_0 p_3'' + b_1 p_3' + b_2 p_3 - a_0 q_2''' - a_1 q_2'' - a_2 q_2' - a_3 q_2 = 0$$

Обликот на детерминантата оставувајќи првата од равенките е

$$D = \begin{vmatrix} p_0 & 0 & q_0 & 0 & 0 \\ p_0' + p_1 & p_0 & 2q_0' + q_1 & q_0 & 0 \\ p_1' + p_2 & p_1 & q_0'' + 2q_1' + q_2 & q_0' + q_1 & q_0 \\ p_2' + p_3 & p_2 & q_1'' + 2q_2' & q_1' + q_2 & q_1 \\ p_3' & p_3 & q_2'' & q_2' & q_2 \end{vmatrix}$$

6. Претставува особен интерес случајот кога еден линеарен диференцијален полином од произволен ред ($n > 1$), може да се разложи на симболични фактори од први ред односно на линеарни диференцијални полиноми од први ред. Ќе го изведеме тоа не како директно следствие на погоре покажаниот начин ами како што следува.

Ако ни е дадена диференцијалната равенка (1. 1), чија што основна система интеграли е $y_1, y_2, y_3 \cdots y_n$, тогај спрема дефиницијата за редуктибилност, полиномот може да се напише во обликот[10])

$$(1.\ 6) \qquad Ly = L_n y = L_1^n L_{n-1} y,$$

каде што е $L_{n-1} y = 0$, диференцијална равенка од $n-1$ ред, чии интеграли се y_k, $k = 1, 2, \cdots n-1$, а L_1^n линеарен диференцијален полином од први ред*

По истиот начин равенката $L_{n-1} y = 0$ е редуктибилна и полиномот може да се напише како

$$L_{n-1} y = L_1^{n-1} L_{n-2} y,$$

или зимајќи предвид (1. 6)

$$Ly = L_1^n L_1^{n-1} L_{n-2} y.$$

Продолжавајќи така, добиваме

$$Ly = L_1^n \cdots L_1^3 L_1^2 L_1^1 y.$$

По таков начин, дадениот диференцијален полином од n-ти ред го разложивме на n симболични фактори од први ред. Да забележиме дека коефициентите на овие фактори се од иста природа како и коефициентите на равенката (1. 1).

* Долниот индекс ни покажува редот на полиномот а горниот неговото место во производот.

Горното разложување Vincent[3]) го добива вршејќи ја постепено смената $y' = ay + y_1$, каде што a е решение на равенката а y_1 новата функција.

7. Аналогно, како што при алгебарските равенки, знаењето на корените позволува да се напише равенката, и тука знаењето на системата основни интеграли ни позволува со помошта на раставување диференцијалната равенка на симболични фактори, да ја најдеме равенката што е задоволена од таа система интеграли. Но на ова место нас не интересира следниот проблем. Бидејќи дадена диференцијална равенка

$$L(x, D)\, y \equiv \sum_{k=0}^{n} a_k\, D^{n-k}\, y = 0, \tag{1. 7}$$

за којашто претполагаме дека може да се пише во обликот

$$L(x, D)\, y \equiv \prod_{i=n}^{1} (f_{i,1} D + f_{i,2})\, y = 0, \tag{1. 8}$$

да ја најдеме врската меѓу коефициентите a_k и f_{ij} т. е. да ги најдеме коефициентите a_k во функции од f_{ij}.

Од редуктибилноста на диференцијалната равенка се добива

$$Ly = L_{n-m}\, L_m\, y$$

или ако се земе

$$L_{n-m} = \sum_{s=0}^{n-m} b_s(x)\, D^{n-m-s}\,; \quad L_m = \sum_{i=0}^{m} C_i\,(x)\, D^{m-i}$$

ќе имаме

$$Ly = \sum_{s=0}^{n-m} b_s\, D^{n-m-s} \sum_{i=0}^{m} C_i\, D^{m-i}\, y \tag{1. 9}$$

$$= \sum_{s=0}^{n-m} b_s \sum_{i=0}^{m} \sum_{k=0}^{n-m-s} \binom{n-m-s}{k} C_i^{(k)}\, y^{(n-i-s-k)}$$

По упоредување на коефициентите пред еднаквите изводи, имаме

$$
(1.\ 10)\qquad
\begin{aligned}
a_0 &= b_0 c_0,\\
a_1 &= b_0 c_1 + \binom{n-m}{1} b_0 c_0' + b_1 c_0,\\
a_2 &= b_0 c_2 + \binom{n-m}{1} b_0 c_1' + \binom{n-m}{2} b_0 c_0''\\
&\quad + b_1 c_1 + \binom{n-m-1}{1} b_1 c_0'\\
&\quad + b_2 c_0,\\
a_3 &= b_0 c_3 + \binom{n-m}{1} b_0 c_2' + \binom{n-m}{2} b_0 c_1'' + \binom{n-m}{3} b_0 c_0'''\\
&\quad + b_1 c_2 + \binom{n-m-1}{1} b_1 c_1' + \binom{n-m-1}{2} b_1 c_1''\\
&\quad + b_2 c_1 + \binom{n-m-2}{1} b_2 c_0'\\
&\quad + b_3 c_0,\\
&\ldots\ldots\ldots\ldots\ldots\ldots\ldots\ldots\ldots\ldots\ldots
\end{aligned}
$$

Ако сега ја примениме формулата (1. 9) на симболичниот производ

$$L_{n-1} L_1^1\, y \equiv (b_0 D^{n-1} + b_1 D^{n-2} + \cdots + b_{n-1})(f_{11} D + f_{12})\, y,$$

добиваме спрема (1. 10)

$$
\begin{aligned}
a_0 &= b_0 f_{11},\\
a_1 &= b_0 f_{12} + \binom{n-1}{1} b_0 f_{11}' + b_1 f_{11},\\
a_2 &= \binom{n-1}{1} b_0 f_{12}' + \binom{n-1}{2} b_0 f_{11}'' + b_1 f_{12} + \binom{n-2}{1} b_1 f_{11}' + b_2 f_{11},\\
a_3 &= \binom{n-1}{2} b_0 f_{12}'' + \binom{n-1}{3} b_0 f_{11}''' + \binom{n-2}{1} b_1 f_{12}' + \binom{n-2}{2} b_1 f_{11}''\\
&\quad + b_2 f_{12} + \binom{n-3}{1} b_2 f_{11}' + b_3 f_{11}.
\end{aligned}
$$

Два пати употребена таа формула (1. 9) ни дава за производот

$$L_{n-2} L_1^2 L_1^1\, y \equiv (q_0 D^{n-2} + q_1 D^{n-3} + \cdots + q_{n-2})(f_{21} D + f_{22})(f_{11} D + f_{12})\, y$$

следните равенки

$$a_0 = q_0 f_{21} f_{11},$$

$$a_1 = \binom{n-1}{1} q_0 f_{21} f_{11}' + \binom{n-2}{1} q_0 f_{21}' f_{11} + q_0 f_{11} f_{22} + q_0 f_{21} f_{12} + q_1 f_{21} f_{11},$$

$$a_2 = \binom{n-1}{2} q_0 f_{21} f_{11}'' + \binom{n-2}{2} q_0 f_{21} f_{11} + \binom{n-2}{1}^2 q_0 f_{21}' f_{11}' + \binom{n-1}{1} q_0 f_{21} f_{12}'$$

$$+ \binom{n-2}{1} q_0 f_{22} f_{11}' + \binom{n-2}{1} q_0 f_{21} f_{11}' + q_0 f_{22} f_{11} +$$

$$+ \binom{n-1}{1} q_1 f_{21}' f_{12} + \binom{n-3}{1} q_1 f_{21} f_{11} + f_{22} f_{11} q_1 + q_1 f_{21} f_{12} + q_2 f_{21} f_{11},$$

. . . .

Последователно формирајќи симболичните производи

$$L_{n-3} L_3 = L_{n-3} L_2 L_1^1 = L_{n-3} L_1^3 L_1^2 L_1^1,$$

. . . .

$$L_{n-k} L_k = L_{n-k} L_{k-1} L_1 = \cdots = L_{n-k} \cdots L_1^k L_1^{k-1} \cdots L_1^1,$$

. . . . ;

$$L_1^n L_{n-1} = L_1^n L_{n-2} L_1^1 = \cdots = L_1^n L_1^{n-1} \cdots L_1^2 L_1^1,$$

и упоредувајќи ги коефициентите пред еднаквите изводи, ги добиваме конечно бараните релации

$$a_0 = f_{n1} f_{n-1,1} \cdots f_{21} f_{11} = \prod_{k=1}^{1} f_{k1},$$

$$(1.\ 11)\qquad a_1=\prod_{k=n}^{1} f_{k1}\left[\sum_{i=1}^{n}\frac{f_{i2}}{f_{i1}}+\sum_{i=1}^{n}\binom{n-i}{1}\frac{f'_{i1}}{f_{i1}}\right],$$

$$a_2=\prod_{k=n}^{1} f_{k1}\left[\sum_{i,k=1}^{n}\frac{f_{i2}}{f_{i1}}\frac{f_{i+k,2}}{f_{i+k,1}}+\sum_{i=1}^{n}\binom{n-i}{2}\frac{f''_{i1}}{f_{i1}}+\sum_{i=2}^{n}\binom{n-i}{2}\frac{f'_{i-1,1}}{f_{i-1,1}}\frac{f'_{i1}}{f_{i1}}\right.$$

$$+\sum_{i=1}^{n}\sum_{k=1}^{n}\binom{n-i-1}{1}\binom{n-k-2}{1}\frac{f'_{i1}}{f_{i1}}\frac{f'_{i+k,1}}{f_{i+k,1}}+\sum_{i=1}^{n}\binom{n-i}{1}\frac{f'_{i2}}{f_{i1}}$$

$$+\frac{f'_{11}}{f_{11}}\binom{n-2}{1}\sum_{i=2}^{n}f_{i2}+\binom{n-3}{1}\frac{f'_{21}}{f_{21}}\sum_{i=3}^{n}f_{i2}+\cdots+\binom{1}{1}\frac{f'_{n-1,1}}{f_{n-1,1}}$$

$$\left.+\frac{f_{12}}{f_{11}}\sum_{i=2}^{n}\binom{n-i}{1}\frac{f'_{i1}}{f_{i1}}+\frac{f_{22}}{f_{21}}\sum_{i=0}^{n}+\cdots+\frac{f_{n-2,2}}{f_{n-2,1}}\sum_{i=n-1}^{n}\frac{f'_{i1}}{f_{i1}}\right],$$

$$a_3=\prod_{k=n}^{1} f_{k1}\left[\sum_{i,k,s=1}^{n}\frac{f_{i2}}{f_{i1}}\frac{f_{i+k,2}}{f_{i+k,1}}\frac{f_{i+s,2}}{f_{i+s,1}}+\sum_{i=1}^{n}\binom{n-i}{3}\frac{f'''_{i1}}{f_{i1}}\cdot\right.$$

$$+\sum_{i=3}^{n}\binom{n+i}{1}^3\frac{f'_{i-2,1}}{f_{i-2,1}}\frac{f'_{i-1,1}}{f_{i-1,1}}\frac{f'_{i1}}{f_{i1}}+\sum_{i=1}^{n}\binom{n-i}{2}\frac{f''_{i2}}{f_{i1}}$$

$$+\sum_{i=2}^{n}\binom{n-i}{1}^2\frac{f'_{i1}}{f_{i1}}\frac{f'_{i+1,1}}{f_{i+1,1}}+$$

$$+\binom{n-2}{2}\frac{f''_{11}}{f_{11}}\sum_{i=2}^{n-1}f_{i2}+\binom{n-3}{2}\frac{f'_{21}}{f_{21}}\sum_{i=3}^{n}f_{i2}+\cdots+\frac{f''_{n-1,1}}{f_{n-1,1}}$$

$$+\sum_{i=2}^{n}\binom{n-i}{2}\binom{n-i-1}{1}\frac{f''_{i-1,1}}{f_{i-1,1}}\frac{f'_{i+1,1}}{f_{i+1,1}}+\cdots$$

$$+\sum_{i=2}^{n}\binom{n-i}{2}\frac{f''_{i1}}{f_{i1}}+\cdots$$

. . . .

. . . .

8. Нека ни е дадена диференцијалната равенка (1. 7), на којашто системата интеграли е $y_1, y_2, \cdots y_n$. Спрема кажаното во т. 6 соответниот полином е разложлив на симболичен производ (1. 8).

Ќе покажиме, дека симболичниот производ (1. 8) може да се пише и како

$$L(x, D) \equiv \prod_{i=n}^{1}\left[f_{i1}\, D + f_{i1}\, D\, lg\, \frac{f_{11}\, f_{21}\cdots f_{i-1,1}\, W_i}{W_{i-1}}\right], \tag{1. 12}$$

каде што W_i претставуваат Вронскианите образувани од функциите y_i,

$$W_i = \begin{vmatrix} y_1 & y_2 \cdots y_i \\ y_1' & y_2' \cdots y_i' \\ \cdot\;\cdot\;\cdot & \cdot\;\cdot\;\cdot\;\cdot \\ \cdot\;\cdot\;\cdot & \cdot\;\cdot\;\cdot\;\cdot \end{vmatrix}.$$

Системата интеграли y_i може да се добие последователно со смената

$$y = v_1 \int v\, dx.$$

Навистина, добиваме

$$y_1 = v_1,\, y_2 = v_1 \int v_2\, dx,\, y_3 = v_1 \int v_2\, dx \int v_3\, dx, \cdots y_n = v_1 \int dx \int \cdots \int v_n\, dx,$$

каде што е

$$v_1 = exp\left(-\int \frac{f_{12}}{f_{11}}\, dx\right);$$

$$v_i = \frac{1}{f_{i-1,1}}\, exp \int\left(\frac{f_{i-1,2}}{f_{i-1,1}} - \frac{f_{i,2}}{f_{i,1}}\right) dx,\, i = 2, \cdots n.$$

Според формулата на Liouville

$$W_i = C \exp\left(-\int \frac{P_1^i}{P_0^i} dx\right),$$

и зимајќи предвид (1. 11)

$$P_1^k = f_{11} f_{21} \cdots f_{k1} \left[\sum_{i=0}^{k} \frac{f_{i2}}{f_{i1}} + (k-i) \frac{f_{i1}'}{f_{i1}} \right],$$

$$P_0^k = f_{11} f_{21} \cdots f_{k1},$$

имаме*

$$W_i = \frac{C}{f_{11}^{i-1} f_{21}^{i-2} \cdots f_{i-1,1}} \exp\left[-\int \left(\frac{f_{12}}{f_{11}} + \frac{f_{22}}{f_{21}} + \cdots + \frac{f_{i2}}{f_{i1}} \right) dx \right].$$

Со згодно избирање на константите, ќе имаме за количникот

$$\frac{W_i}{W_{i-1}} = \frac{1}{f_{11} f_{21} \cdots f_{i-1,1}} \exp\left(-\int \frac{f_{i2}}{f_{i1}} dx\right),$$

од каде следува

$$f_{12} = -f_{i1} D \lg \frac{f_{11} f_{21} \cdots f_{i-1,1} W_i}{W_{i-1}}.$$

Внесена оваа вредност за f_{i2} во (1. 8) ни дава токму (1. 12).

9. При алгебарските полиноми, линеарните множители можат да разменат местата си, нешто кое при диференцијаните како што рековме во т. 2 не е можно, т. е. симболичните фактори не можат да разменат местата, освен во случај кога се коефициентите на даден полином константи.

Да ги побараме условите што треба да ги задоволуваат коефициентите на симболичните фактори f_{ik} за да овие бидат комутативни.

Означиме ли со

$$K = \prod_{i=1}^{k-2} (f_{i1} D + f_{i2})$$

ќе имаме

* По технички причини f е заменето со f.

$$(f_{k1} D + f_{k2})(f_{k-1,1} D + f_{k-1,2}) K = f_{k1} f_{k-1,1} K''$$

$$+ \left[f_{k1} f'_{k-1,1} + f_{k2} f_{k-1,1} + f_{k1} f_{k-1,2} \right] K' + \left[f_{k1} f'_{k-1,2} + f_{k2} f_{k-1,2} \right] K,$$

и

$$(f_{k-1,1} D + f_{k-1,2})(f_{k,1} D + f_{k2}) K = f_{k1} f_{k-1,1} K''$$

$$+ \left[f_{k-1,1} f_{k,2} + f_{k-1,1} f'_{k,1} + f_{k1} f_{k-1,2} \right] K' + \left[f_{k-1,2} f_{k,2} + f_{k-1,1} f'_{k2} \right] K.$$

Упоредувајќи ги изразите пред K, K' и K'' добиваме*

$$f_{k1} = C f_{k-1,1}, \quad f_{k2} = C f_{k-1,2} + C_1.$$

10. Ако во диференцијалниот полином Ly разложлив на симболични фактори (1. 8), го земеме случајот

$$f_{i1} = 1, \quad f_{i2} = \omega(x), \quad i = 1, 2, \cdots n,$$

Соодветната диференцијална равенка ќе биде сводлива на системот линеарни равенки

$$(D + \omega) y_i = y_{i+1}, \quad y_0 = y, \quad y_{n+1} = 0.$$
$$(i = 1, 2, \cdots n).$$

Изврши ли се во овој систем смената

$$y_i = z_i \, exp\,(-\int \omega \, dx) \tag{1. 13}$$

го добиваме системот

$$D z_i = z_{i+1}, \quad z_0 = z, \quad z_{n+1} = 0,$$
$$(i = 1, 2, \cdots n),$$

што одговара на равенката

$$D^n z = 0.$$

Општиот интеграл на оваа равенка е

$$z = \sum_{i=1}^{n} C_i \, x^{n-i}, \quad C_i = const.,$$

или на дадената, зимајќи предвид (1. 13)

$$y = z \, exp\,(-\int \omega \, dx),$$

---

* C и C_1 се произволни константи.

Диференцијалната равенка (1. 7) може да се пише во обликот[11])

$$D^n exp\left(\int \omega\, dx\right) y = 0,$$

или

$$(D + \omega)^n y = 0. \tag{1. 14}$$

Системата решенија во овој случај, наречени од Brassine[12]) конјугирани решенија, аналогни се на многоструките корени на една алгебарска равенка. Тоа се заклучува направо ако се земе n-ти извод од левата страна на (1. 14), зимајќи изводите како степени. Добиваме

$$n!\,(D + \omega)\,y = 0,$$

од каде имаме заедничкиот интеграл, даден со

$$(D + \omega)\,y = 0.$$

Врските помеѓу коефициентите на равенката $L(x, D)\,y = 0$ и ω се следните

$$a_0 = \binom{n}{0}$$

$$a_1 = \binom{n}{1}\omega$$

$$a_2 = \binom{n}{2}(\omega^2 + \omega')$$

$$a_3 = \binom{n}{3}\ \omega^3 + 3\,\omega\,\omega' + \omega''$$

. . . .

II ДЕЛ

ФОРМИРАЊЕ КРИТЕРИУМИ ЗА РЕДУКТИБИЛНОСТ НА КЛАСАТА ЛИНЕАРНИ ДИФЕРЕНЦИЈАЛНИ РАВЕНКИ

$$y'' + (\alpha f(x) + \beta)\,y' + (A f^2(x) + B f(x) + C)\,y = 0.$$

1. Спомнатата во уводот метода дадена од Митриновиќ за формирање критериуми на редуктибилност за линеарните диференцијални равенки се состои во следното.

Напоредно со однапред дадената диференцијална равенка од n-ти ред

(2. 1) $$\sum_{i=0}^{n} \Phi_i(x) y^{(n-i)} = 0,$$

ја зимаме системата линеарни равенки од прв ред

(2. 2) $$\varphi_{k1} y_{k-1} + \varphi_{k2} y_{k-1} = y_k,$$
$$\varphi_{n1} y_{n-1} + \varphi_{n2} y_{n-1} = 0,$$
$$(y_0 = y;\ k = 1, 2, \cdots n-1),$$

каде што φ_{ik} се функции со исти особини како и Φ_i.

Еден случај на редуктибилност ќе имаме, ако на равенката (2. 1) може да се учини соодветен системот (2. 2), кој по елиминација на y_i $(i = 1, 2, \cdots n-1)$, се сведува на равенката (2. 1).

Така нпр. за диференцијалната равенка

(2. 3) $$y'' + (ax + b) y' + (Ax^2 + Bx + C) y = 0,$$

ако го учиниме соодветен системот

$$f(x) y' + g(x) y = y_1, \quad y_1' + h(x) y_1 = 0,$$

каде што се

$$f(x) \equiv \prod_{\nu=1}^{s} (x - k_\nu); \quad g(x) \equiv \sum_{\nu=1}^{s+2} \lambda_\nu y^{s+2-\nu}, \quad h(x) = \mu_1 x + \mu_2$$

и ги потчиниме параметрите s, k_ν, λ_ν, μ_ν на услови добиени од условот за делење на полиномите $f' + g + fh$, $g' + gh$ со f без остаток, добиваме општи критериуми за редуктибилност на (2. 3). Користејќи го овој метод, Митриновиќ ги наоѓа за равенката (2. 3) условите за интеграбилност за $s = 0$, 1.

2. Проширувајќи ги и комплетирајќи резултатите добиени од Митриновиќ за диференцијалната равенка (2. 3), во овој дел ќе разгледаме некој типови од класата линеарни диференцијални равенки

(2. 4) $$y'' + (\alpha f + \beta) y' + (A f^2 + B f + C) y = 0,$$

каде што $f = f(x)$ е произволна, непрекината функција што има изводи до n-ти ред заклучно и α, β, A, B и C се произволни константи.

Ние покажавме во т. 6 глава прва, дека потребен и доволен услов за да е равенката (2. 4) редуктибилна е, таа да може во обликот

$$\left(D+\frac{\varphi'}{\varphi}+\chi\right)\left(D+\frac{\psi}{\varphi}\right)y=0 \tag{2. 5}$$

$$\varphi=\varphi(f)\neq 0,\ \psi=\psi(f),\ \chi=\chi(f),\ D=\frac{d}{dx},$$

да се пише

За поголема удобност, во натамошните разгледувања равенката (2. 5) ја зимаме многу често и во обликот

$$(D+\chi)(\varphi D+\psi)y=z \tag{2. 6}$$

добиена од (2. 5) по множење со φ, односно како систем од равенки

$$(\varphi D+\psi)y=z,$$

$$(D+\chi)z=0.$$

Да предположиме дека равенката (2. 4) редуктибилна* т. е. дека таа може да се пише во обликот (2. 5).

Нашата задача е да побараме еден општ услов што треба да го задоволуваат коефициентите α, β, A, B, C на (2. 4) за да биде таа редуктибилна.

За таа цел постапуваме по следниот начин.

Функциите φ, ψ и χ ги зимаме респективно во обликот

$$\varphi(f)=f^n+a_1 f^{n-1}+a_2 f^{n-2}+\cdots+a_n=\prod_{i=1}^{n}(f-r_i)$$

$$\psi(f)=b_0 f^{n+1}+b_1 f^n+b_2 f^{n-1}+\cdots+b_{n+1}, \tag{2. 7}$$

$$\chi(f)=c_0 f+c_1,$$

a_i, b_j, c_k, r_i $(i=1, 2, \cdots n;\ j=1, 2, \cdots n+1;\ k=1, 2)$ се произволни параметри.

Полиномите $\varphi(f)$ и $\psi(f)$ немаат заеднички нули, т. е. резултантата R на равенките

$$\varphi(f)=0 \text{ и } \psi(f)=0,$$

е различна од нула. Во противен случај би могли системата равенки (2. 6) да ја разделиме со $(f-r_i)$ и воведувајќи нова непозната функција

---

* Очевидно е, дека оваа претпоставка е во согласие со познатата теорема дадена од Liouville: *Една линеарна диференцијална равенка од втори ред за да биде интеграбилна со квадратури, потребно и доволно е логаритамскиот и извод на еден од нејните интеграли да биде рационален.*

$$(f - r_i)\, z' = z,$$

да добиеме нова система равенки од облик (2. 6).

4. Од (2. 4) и (2. 5) добиваме по упоредување

$$\text{(2. 8)}\qquad \begin{aligned} &\varphi' + \psi + \chi\,\varphi - \varphi\,(\alpha f + \beta) \equiv 0,\\ &\psi' + \chi\psi - \varphi\,(A\, f^2 + Bf + C) \equiv 0, \end{aligned}$$

или зимајќи предвид (2. 7)

$$(b_0 + c_0)\, f^{n+1} + (b_1 + c_0\, a_1 + c_1)\, f^n + (b_2 + c_0\, a_2 + c_1\, a_1)\, f^{n-1} + \cdots$$

$$+ n f^{n-1}\, f' + (n-1)\, a_1\, f^{n-2}\, f' + \cdots + a_{n-1}\, f' - \alpha f^{n+1} - (\alpha\, a_1 + \beta)\, f^n \cdots a_n\, \beta \equiv 0$$

$$b_0\, c_0\, f^{n+2} + (b_1\, c_0 + b_0\, c_1)\, f^{n+1} + (b_2\, c_0 + b_1\, c_1)\, f^n + \cdots + (n+1)\, b_0\, f^n\, f'$$

$$+ n\, b_1\, f^{n-1}\, f' + \cdots + b_n\, f' - A\, f^{n+2} - (A a_1 + B)\, f^{n+1} \cdots a_n\, C \equiv 0.$$

Внесеме ли ги за f последователно вредностите $f = r_i$ $(i = 1, 2, \cdots n)$, од идентитетите (2. 8) добиваме

$$b_0\, r_1^{\,n+1} + b_1\, r_1^{\,n} + \cdots + b_{n+1} = -f'\,(r_1 - r_2)\,(r_1 - r_3) \cdots (r_1 - r_n)$$

$$b_0\, r_2^{\,n+1} + b_1\, r_2^{\,n} + \cdots + b_{n+1} = -f'\,(r_2 - r_1)\,(r_2 - r_3) \cdots (r_2 - r_n)$$

$$\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots$$

$$b_0\, r_n^{\,n+1} + b_1\, r_n^{\,n} + \cdots + b_{n+1} = -f'\,(r_n - r_1)\,(r_n - r_2) \cdots (r_n - r_{n-1})$$

и

$$(n+1)\, b_0\, r_1^{\,n} + n\, b_1\, r_1^{\,n-1} + \cdots + b_n = -\frac{1}{f'}\,(c_0\, r_1 + c_1)\,(b_0\, r_1^{\,n+1} + b_1\, r_1^{\,n} + \cdots + b_{n+1})$$

$$(n+1)\, b_0\, r_2^{\,n} + n\, b_1\, r_2^{\,n-1} + \cdots + b_n = -\frac{1}{f'}\,(c_0\, r_2 + c_1)\,(b_0\, r_2^{\,n+1} + b_1\, r_2^{\,n} + \cdots + b_{n+1})$$

$$\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots$$

$$(n+1)\, b_0\, r_n^{\,n} + n\, b_1\, r_n^{\,n-1} + \cdots + b_n = -\frac{1}{f'}\,(c_0\, r_n + c_1)\,(b_0\, r_n^{\,n+1} + b_1\, r_n^{\,n} + \cdots + b_{n+1}).$$

5. Ќе разгледаме сега некоj релации меѓу параметрите a_i, b_j, c_k заеднички за сите равенки од обликот (2. 4), потребни во натамошните разгледувања.

Од (2. 8) имаме

$$\psi'(r_i) = \chi(r_i)\,\varphi'(r_i),$$

односно следните n релации

$$(n+1)\,b_0 r_1^n + n\,b_1 r_1^{n-1} + \cdots + b_n = (c_0 r_1 + c_1)(r_1 - r_2)\cdots(r_1 - r_n)$$

$$(n+1)\,b_0 r_2^n + n\,b_1 r_2^{n-1} + \cdots + b_n = (c_0 r_2 + c_1)(r_2 - r_1)\cdots(r_2 - r_n)$$

$$\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots$$

$$(n+1)\,b_0 r_n^n + n\,b_1 r_n^{n-1} + \cdots + b_n = (c_0 r_n + c_1)(r_n - r_1)\cdots(r_n - r_{n-1}).$$

На овие релации може да се даде обликот

$$\text{(2. 9)} \qquad \sum_{i=0}^{n} (n+1-i)\,b_i\,S_{n-i}^{k} = (c_0 r_k + c_1)\prod (r_k - r_\alpha),$$

$$k = 1, 2, \cdots n;\ \alpha = 1, 2, \cdots n;\ \alpha \neq k$$

каде што е

$$\begin{aligned} S_{n-r}^{1,2,\ldots p,q} = {} & r_1^{n-r} + r_2^{n-r} + \cdots + r_p^{n-r} + r_q^{n-r} \\ & + r_1^{n-r-1} r_2 + r_1^{n-r-1} r_3 + \cdots + r_1^{n-r-1} r_p + r_1^{n-r-1} r_q \\ & + \cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots \\ & + r_1 r_2^{n-r-1} + r_1 r_3^{n-r-1} + \cdots + r_1 r_p^{n-r-1} + r_1 r_q^{n-r-1} \\ & + r_2^{n-r-1} r_3 + r_2^{n-r-1} r_4 + \cdots + r_2^{n-r-1} r_p + r_2^{n-r-1} r_q + \\ & + \cdots\cdots\cdots\cdots\cdots\cdots + r_p r_q^{n-r-1}. \end{aligned}$$

Вадејќи од првата релација (2. 9) останатите и делејќи при тоа секоа со $(r_1 - r_i)$, $i = 2, 3, \cdots n$, ги добиваме следните $n-1$ релации

$$\sum_{i=0}^{n-1} (n+1-i)\,b_i\,S_{n-i-1}^{1,k} = \sum_{s=1,k} (c_0 r_s + c_1) \prod (r_s - r_\alpha),$$

$$k = 2, 3, \cdots n;\ \alpha = 2, 3, \cdots n,\ \alpha \neq k$$

По истиот начин, ако од првата од овие равенки ги извадиме останатите, по разделување со $(r_2 - r_i)$, $i = 3, 4, \cdots n$, имаме

$$\sum_{i=0}^{n-2}(n+1-i)\,b_i\,S_{n-i-2}^{1,2,k}=\sum_{s=1}^{2,k}(c_0 r_s-c_1)\prod(r_s-r_\alpha),$$

$$k=3,4,\cdots n;\ \alpha=3,4,\cdots n;\ \alpha\neq k,$$

Во општ случај по p операции изведени по горниот начин добиваме

$$\sum_{i=0}^{n-p}(n+1-i)\,b_i\,S_{n-i-p}^{1,2,\cdots p,k}=\sum_{s=1}^{2,\cdots p,k}(c_0 r_s+c_1)\prod(r_s-r_\alpha),$$

$$k=p+1,\ p+2,\cdots n;\ \alpha=p+1,\cdots n;\ \alpha\neq k,$$

Постапиме ли со овие $n-p$ релации по истиот начин, добиваме по разделување со (r_p-r_i), $i=p+2,\cdots n$,

$$\sum_{i=0}^{n-p-1}(n+1-i)\,b_i\,S_{n-i-p-1}^{1,2,\cdots p+1,k}=\sum_{s=1}^{p+1,k}(c_0 r_s+c_1)\prod(r_s-r_\alpha),$$

$$(k=p+2,\ p+3,\cdots n\ \ \alpha=p+2,\ p+3,\cdots n),\ k\neq\alpha,$$

Продолжавајќи така, добиваме

$$\sum_{i=0}^{1}(n+1-i)\,S_{1-i}^{1,2,\cdots n-1,k}=\sum_{s=1}^{n-1,k}(c_0 r_s+c_1),$$

$$k=n;\ \alpha=n;\ \alpha\neq k,$$

или зимајќи во предвид (2. 9) имаме

$$b_1-c_1=\frac{a_1}{n}\left[(n+1)\,b_0-c_0\right]. \tag{2. 10}$$

6. Да го земеме случајот $f'=1$ т. е. $f=x$ (*). Диференцијалната равенка (2. 4) го има обликот

$$y''+(\alpha x+\beta)\,y'+(Ax^2+Bx+C)\,y=0. \tag{2. 11}$$

* Интеграционата константа ја зимаме за нула.

Од (2. 8) ја имаме системата равенки

$$-\alpha+b_0+c_0=0,$$

$$c_1-\beta-\alpha a_1+b_1+c_0 a_1=0,$$

. . . .

(2. 12) $$(n-k+2)\,a_{k-2}+a_{k-1}c_1-\beta a_{k-1}-\alpha a_k+b_k+c_0 a_k=0,$$

. . . .

$$a_{n-1}+a_n c_1-\beta a_n+b_{n+1}=0,$$

$$-A+c_0 b_0=0,$$

. . . .

(2. 12′) $$(n-k+2)\,b_{k-1}+c_1 b_k+c_0 b_{k+1}-Aa_{k+1}-Ba_k-Ca_{k-1}=0,$$

. . . .

$$b_n+c_0 b_{n+1}-Ca_n=0,$$

за определување на $2n+5$ непознати параметри a_i, b_j, c_k и n, во зависност од константите α, β, A, B, C. Како пак n претставува природен број, релацијата што го определува, претставува бараниот критериум за редуктибилност на равенката (2. 11).

Од равенките (2. 12) и (2. 12′) добиваме

$$2\,b_0=\alpha\pm\sqrt{\alpha^2-4\,A},$$

$$c_0=\alpha-b_0,\quad c_1=\frac{1}{2n}\Big[n\beta+a_1(\alpha-2\,b_0)\Big],$$

$$(k+1)\,a_{k+1}=\frac{n-k}{n}\,a_1 a_k+\frac{(n-k)(n-k+1)}{\alpha-2\,b_0}\,a_{k-1},$$

$$a_{-1}=0,\quad a_0=1,\quad a_1=n\,\frac{\alpha\beta-2\,B}{\beta^2-4\,A},$$

$$b_k=b_0 a_k+\frac{a_{k-1}}{2\,n}\Big[n\beta-a_1(\alpha-2\,b_0)\Big]-(n-k+2)\,a_{k-2},$$

$$(k=1,2,\cdots n+1).$$

Природниот број n, определен е од релацијата

(2. 14) $$(\alpha\beta-2B)^2+(\alpha^2-4A)(4C-2\alpha-\beta^2)=\pm 2(2n+1)(\alpha^2-4A)^{3/2}.$$

Тоа е пак како што рековме, бараниот критериум за редуктибилност на диференцијалната равенка (2. 11), што во овој случај може да се пише како

$$\left[D+(c_0x+c_1)\right]\left[\sum_{i=0}^{n} a_i x^{n-i} D+\sum_{i=0}^{n+1} b_i x^{n+1-i}\right]y=0.$$

По таков начин го имаме следниот резултат:

Потребен и доволен услов за да биде диференцијалната равенка (2. 11) *редуктибилна е релацијата* (2. 14) *меѓу константите* α, β, A, B и C *и природниот број* n *да е задоволена.*

7. *Пример.*— За диференцијалната равенката

(2. 15) $$y''+(3x+2)y'+(2x^2+3x+c)y=0,$$

имаме спрема (2. 14)

$$c=3+n \text{ или } c=2-n.$$

Во првиот случај $c=3+n$, имаме

$$ka_k=-(n-k+1)(n-k+2)a_{k-2},$$

$$b_k=2a_k+a_{k-1}-(n-k+2)a_{k-2},$$

од каде е*

$$b_0=2,\ c_0=1,\ c_1=1,$$

$$a_{2k}=(-1)^k(2k-2)!!\binom{n}{2k};\ a_{2k+1}=0,$$

$$b_{2k}=(-1)^k(2k-3)!!\binom{n}{2k-2}\frac{(n-2k+2)(n-k+1)}{k};\ b_{2k+1}=a_{2k}.$$

Во вториот случај $c=2-n$,

* Симболот !! означува производ од парни респективно непарни природни броеви. нпр, $2n!!=2n\,(2n-2)\,(2n-4)\ldots 4.\ 2.$

од каде е*

$$k a_k = (n-k+1)(n-k+2)\, a_{k-2},$$

$$b_k = a_k + a_{k-1} - (n-k+2)\, a_{k-2},$$

$$b_0 = 1,\ c_0 = 2,\ c_1 = 1,$$

$$a_{2k} = (2k-1)!! \binom{n}{2k},\quad a_{2k+1} = 0,$$

$$b_{2k} = (2k-3)!! \binom{2k-2}{n} \frac{(n-2k+2)(n-4k+1)}{2k},\quad b_{2k+1} = a_{2k},$$

За $n=3$ ги имаме респективно системите

$$(2.\ 16)\qquad (x^3+3x)\,y' + (x^4+x^3+3x-3)\,y = z,$$

$$z' + (2x+1)\,z = 0,$$

и

$$(2.\ 17)\qquad (x^3-3x)\,y' + (2x^4+x^3-9x^2-3x+3)\,y = z,$$

$$z' + (x+1)\,z = 0,$$

добиени од (2. 13), чии што општи интеграли се дадени со

$$y\, exp\left(\frac{x^2}{2}+x\right) = C_1(x^3+3x) + C_2(x^3+3x)\int (x^3+3x)^{-2} exp\left(-\frac{x^2}{2}\right) dx$$

и

$$y\, exp(x^2+x) = C_1(x^3\quad 3x) + C_2(x^3-3x)\int (x^3-3x)^{-2} exp\left(\frac{x^2}{2}\right) dx$$

Елиминацијата на константите C_1 и C_2 од овие интеграли односно на помошната функција z од системите (2. 16) и (2. 17) нè води до диференцијалните равенки

$$y'' + (3x+2)\,y' + (2x^2+3x-1)\,y = 0$$

и

$$y'' + (3x+2)\,y' + (2x^2+3x+6)\,y = 0$$

што можат да се добијат и направо од (2. 15) за $n=3$.

---

* Лесно се установува дека полиномот со коефициенти a_i претставува Hermite-ов полином.

8. Да посматраме некој специјални случаеви.

1°. Ако е

$$2B = \alpha\beta,$$

ќе имаме од (2. 14), за критериумот на редуктибилност

$$4c - 2\alpha - \beta^2 = \pm 2(2n+1)(\alpha^2 - 4A)^{1/2}.$$

Од (2. 13) заклучуваме дека е

$$a_1 = 0 \text{ или } \alpha - 2b_0 = 0.$$

a) $a_1 = 0$. Во тој случај параметрите a_k, b_k, c_k се дадени респективно со

$$2b_0 = \alpha \pm \sqrt{\alpha^2 - 4A}, \quad c_0 = \alpha - b_0, \quad c_1 = \frac{\beta}{2},$$

$$a_k = \frac{(n-k+1)(n-k+2)}{k(\alpha - 2b_0)} a_{k-2}, \quad a_1 = 0, \quad a_0 = 1,$$

$$b_k = \frac{n-k+2}{k(\alpha - 2b_0} \Big[(n+k+1)b_0 - k\alpha\Big] a_{k-2} + \frac{\beta}{2} a_{k-1},$$

Диференцијалната равенка е од облик

$$y'' + (\alpha x + \beta)y' + \left[Ax^2 + \frac{\alpha\beta}{2}x + c\right]y = 0.$$

b) $\alpha - 2b_0 = 0$. Параметрите a_i, b_j, c_k се дадени со

$$2c_0 = \alpha, \; 2c_1 + \beta, \; b_j = 0, \; j = 1, 2, \cdots n-1, \; b_n = \frac{\alpha}{2}, \; b_{n+1} = \frac{\beta}{2}.$$

Диференцијалната равенка

$$y'' + (\alpha x + \beta)y' + \frac{1}{4}\Big[(\alpha x + \beta)^2 + 2\alpha\Big] y = 0.$$

има конјугирани решенија

$$y_1 = exp\left(-\frac{\alpha x^2}{4} - \frac{\beta x}{2}\right), \quad y_2 = xy_1.$$

2°. Ако е $\alpha^2 - 4A = 0$, како гледаме од (2. 14) секога е и $\alpha\beta - 2B = 0$. Случајот е очевидно сводлив на претходниот под b).

9. Ако во (2. 4) земеме $f' = f^2$, ја добиваме равенката*

$$x^2 y'' + (\beta x - \alpha) xy' + (A - Bx + Cx^2) y = 0. \tag{2. 18}$$

Идентитетите (2. 8), што во овој случај се

$$(b_0 + c_0 + n - \alpha) f^{n+2} + (b_1 + a_1 c_0 + c_1 + (n-1-\alpha) a_1 - \beta) f^{n+1} + \cdots$$
$$+ \cdots + (b_{n+1} + a_n c_1 - a_n \beta) \equiv 0$$

$$(b_0 c_0 + (n-1) b_0 - A) f^{n+2} + (b_1 c_0 + b_0 c_1 + n b_1 - A a_1 - B) f^{n+1} + \cdots$$
$$+ \cdots + (b_{n+1} c_1 - C a_n) \equiv 0$$

ни го даваат следниот систем равенки

$$\begin{aligned} &(c_1 - \beta) a_{k-1} + (n - k + c_0 - \alpha) a_k + b_k = 0, \\ &c_1 b_{k-1} + (n - k + 1 + c_0) b_k - A a_k - B a_{k-1} - C a_{k-2} = 0, \end{aligned} \tag{2. 19}$$
$$(k = 0, 1, 2, \cdots n+1),$$

кои заедно со (2. 10) ни служат за определување произволните параметри a_k, b_k, c_k и природниот број n во зависност од A, B, C, α и β.

Ќе имаме

$$2 b_0 = (\alpha + 1) \pm \sqrt{(\alpha+1)^2 - 4A},$$

$$c_0 = \alpha - b_0 - n, \; c_1 = \frac{1}{2n}\Big[n\beta + a_1(\alpha - 2b_0)\Big],$$

(2. 20)

$$a_{k+1} = \frac{(\alpha - 2b_0)(k-n)}{n(k+1)(2b_0 - \alpha + k)} a_1 a_k, \; a_0 = 1, \; a_1 = \pm n \frac{\sqrt{\beta^2 - 4c}}{\alpha - 2b_0}$$

$$b_{k+1} = \frac{a_k}{2n}\Big[n\beta - a_1(\alpha - 2b_0)\Big] + (b_0 + k + 1) a_{k+1},$$
$$(k = 0, 1, \cdots n).$$

Природниот број n, определен е со релацијата

---

* Интеграционата константа ја зимаме да е нула.

$$(2.\ 21)\qquad 2B-\alpha\beta=\mp\sqrt{\beta^2-4C}\left[2n+1\pm\sqrt{(\alpha+1)^2-4A}\right],$$

што претставува и бараниот критериум за интеграбилност односно редуктибилност на диференцијалната равенка (2. 18).

Диференцијалната равенка (2. 18) сводлива е во тој случај на системот линеарни равенки

$$(2.\ 22)\qquad \begin{aligned} &\left(a_n-\frac{a_{n-1}}{x}+\frac{a_{n-2}}{x^2}\cdots\right)y'+\left(b_{n+1}-\frac{b_n}{x}+\frac{b_{n-1}}{x^2}\cdots\right)y=z,\\ &z'+\left(c_1-\frac{c_0}{x}\right)z=0. \end{aligned}$$

По таков начин го имаме следниот резултат:

Потребен и доволен услов диференцијалната равенка (2. 18) за да биде редуктибилна е, условот (2. 21) да биде задоволен. n претставува природен број.

10. До истиот резултат се доаѓа, ако напоредно со диференцијалната равенка

$$(2.\ 23)\qquad x^2y''+(\alpha x+\beta)xy'+(Ax^2+Bx+C)y=0,$$

се посматра системот

$$x\Phi_1 y'+\Phi_2 y=xu,\quad xu'+\Phi_3 u=0,$$

добиен од (2. 22) со смената $xz=u$, каде што се Φ_i респективно полиномите

$$\Phi_i(x)=\sum_{k=0}^{n+1}\omega_{ik}x^{n-k+1},\quad \omega_{2,1}=1,\quad \omega_{2,0}=\omega_{3,k}=0,\quad k=1,2,\cdots n-1.$$

За определување параметрите ω_{ik} ја имаме системата

$$(n-k+2)\,\omega_{2,k-2}+\omega_{3,n+1}\,\omega_{2,k-2}+\omega_{1,k-1}\,\omega_{3,n}+\omega_{1,k-1}-\alpha\omega_{2,k-1}-\beta\omega_{2,k-2}=0$$

$$(n-k+2)\,\omega_{1,k-2}+\omega_{3,n+1}\,\omega_{1,k-2}+\omega_{2,k-1}\,\omega_{3,n}-A\omega_{2,k-1}-B\omega_{2,k-2}-C\omega_{2,k-3}=0$$

$$(k=1,2,\cdots n+2).$$

Условот за редуктибилност на равенката (2. 23) ќе биде спрема (2. 21)

$$(2.\ 24)\qquad 2B-\alpha\beta=\pm\sqrt{\alpha^2-4A}\left(2n+1-\sqrt{(\beta-1)^2-4C}\right).$$

11. За диференцијалната равенка

$$(2.\ 25)\qquad x^2y''+(3x+2)xy'+(2x^2+3x+\nu)y=0,$$

го имаме следниот услов за редуктибилност

$$\nu=-n(n+1).$$

Параметрите a_k, b_k, c_k се

$$b_0=-(n+1),\ c_0=-1,\ c_1=2,$$

$$a_{k+1}=\frac{k-n}{(k-2n)(k+1)}a_k,\ a_0=1,$$

$$b_k=a_{k-1}-\frac{(n-k+1)^2}{k(2n-k+1)}a_{k-1},$$

$$(k=0,1,2,\cdots n+1).$$

Нпр. за $n=2$, имаме спрема (2. 21), зимајќи предвид претходните формули

$$\left(\frac{1}{x^2}-\frac{1}{2x}+\frac{1}{12}\right)y'+\left(\frac{3}{x^3}-\frac{5}{x}+\frac{1}{12}\right)y=z,$$

$$z'+\left(\frac{1}{x}+2\right)z=0,$$

од која система по елиминација на помошната функција z, лесно се уверуваме дека ја добиваме диференцијалната равенка (2. 25) за $\nu=-6$.

12. Специјални случаи.

a) $2B=\alpha\beta$. Ќе имаме

$$\beta^2-4C=0\ \text{или}\ 2n+1+\sqrt{(\alpha+1)^2-4A}=0,$$

b) $\beta^2 - 4C = 0$. Диференцијалната равенка (2. 18), сводлива е на системот равенки

$$y' + \left(\frac{b_0}{x} + \frac{\beta}{2}\right) y = z,$$

$$z' + \left(\frac{\alpha - b_0}{x} + \frac{\beta}{2}\right) z = 0,$$

c) $4A = (\alpha + 1)^2 - (2n + 1)^2$. Диференцијалната равенка

$$x^2 y'' + (\beta x - \alpha)\, xy' + \left[\left(\frac{\alpha + 1}{2}\right)^2 - \left(n + \frac{1}{2}\right)^2 - \frac{\alpha\beta}{2}\, x + C x^2\right] y = 0,$$

секога е редуктибилна на систем (2. 22) каде што коефициентите се дадени со

1°.

$$a_{k+1} = \pm \frac{(k-n)\sqrt{\beta^2 - 4C}}{(k+1)(2n+k)}\, a_k, \quad a_0 = 1,$$

$$b_{k+1} = \frac{\beta \mp \sqrt{\beta^2 - 4C}}{2}\, a_k + \left(\frac{\alpha}{2} - n + k + 1\right) a_{k+1}, \quad b_0 = \frac{\alpha - 2n}{2},$$

$$c_0 = \frac{\alpha}{2}, \quad c_1 = \frac{1}{2}\left(\beta \mp \sqrt{\beta^2 - 4C}\right),$$

$$(k = 0, 1, 2, \cdots n).$$

2°.

$$a_{k+1} = \pm \frac{(k-n)\sqrt{\beta^2 - 4C}}{(k+1)(2n+2-k)}\, a_k, \quad a_0 = 1,$$

$$b_{k+1} = \left[\beta \mp \sqrt{\beta^2 - 4C}\right] \frac{a_k}{2} + \left[\frac{\alpha}{2} + n + k + 2\right] a_{k+1}, \quad b_0 = \frac{\alpha}{2} + n + 1,$$

$$c_0 = \frac{\alpha}{2} - 2(n+1), \quad c_1 = \frac{1}{2}\left[\beta \pm \sqrt{\beta^2 - 4C}\right],$$

$$(k = 0, 1, 2, \cdots n).$$

13. За $f' = f$, равенката (2. 4) е од облик*,

$$y'' + (\alpha e^x + \beta)\, y' + (Ae^{2x} + Be^x + C)\, y = 0 \tag{2. 26}$$

и соодветната система за определување параметрите a_i, b_j и c_k добиена од (2. 8) е

$$(n - k + 1 + c_1 - \beta)\, a_{k-1} + (c_0 - \alpha)\, a_k + b_k = 0,$$

$$Aa_k + Ba_{k-1} + Ca_{k-2} + c_0 b_k + (c_1 - n + k - 2)\, b_{k-1} = 0,$$

$$(k = 0, 1, 2, \cdots n+1).$$

Од тука добиваме, зимајќи ја предвид релацијата (2. 10)

$$2\, b_0 = \alpha \pm \sqrt{\alpha^2 - 4A},$$

$$c_0 = \alpha - b_0, \quad c_1 = \frac{1}{2n}\left[n\beta + a_1(\alpha - 2\, b_0)\right] - \frac{n}{2},$$

$$(k+1)\, a_{k+1} = \left[\frac{2n-k}{2n}\, a_1 + \frac{k(k-n)}{\alpha - 2\, b_0}\right] a_k, \tag{2. 27}$$

$$a_0 = 1, \quad a_1 = \frac{n \pm \sqrt{\beta^2 - 4C}}{\alpha - 2\, b_0}\, n,$$

$$b_k = b_0\, a_k + \left[n\beta - a_1(\alpha - 2\, b_0) - n^2 + 2n(k-1)\right] \frac{a_{k-1}}{2n},$$

$$(k = 0, 1, \cdots n+1).$$

За определување на природниот број n ја имаме релацијата

$$\alpha\beta - 2B + \alpha = \mp \sqrt{\alpha^2 - 4A}\left[2n + 1 - \sqrt{\beta^2 - 4C}\right], \tag{2. 28}$$

од каде го заклучуваме следниот резултат:

Потребен и доволен услов равенката (2. 26) за да биде редуктибилна е коефициентите A, B, C, α, β *да ја задоволуваат релацијата (2. 28).* n *претставува природен број.*

---

* Произволната интеграциона константа ја зимаме нула, што не ја намалува општноста на разгледаниот вопрос.

Диференцијалната равенка (2. 26) во тој случај може да се пише во обликот

$$\left[D+\sum_{k=0}^{1} c_k \, exp(1-k)x\right]\left[\sum_{i=0}^{n} a_i \, exp(n-i)\,x\,D \right.$$

$$\left. +\sum_{j=0}^{n+1} b_j \, exp(n+1-j)x\right] y=0,$$

каде што a_i, b_j и c_k се параметри по горе определени.

14. Ако ја посматраме равенката

$$y''+(\alpha e^{kx}+\beta)\,y'+(Ae^{2kx}+Be^{kx}+C)\,y=0, \tag{2. 29}$$

каде што k е произволна константа, лесно се установува дека со смената $kx=z$, таа го добива обликот (2. 26).

Општиот услов на редуктибилност на оваа равенка (2. 29) ќе биде

$$\alpha\beta-2B+k\alpha=\mp\sqrt{\alpha^2-4A}\left[k(2n+1)-\sqrt{\beta^2-4C}\right]. \tag{2. 30}$$

Нпр. за равенката

$$e^{2x}y''+(\alpha e^x+\beta)\,e^x y'+(Ae^{2x}+Be^x+C)\,y=0,$$

го имаме условот за редуктибилност

$$2B-\alpha\beta+\beta=\mp\sqrt{\beta^2-4C}\left[2n+1-\sqrt{\alpha^2-4A}\right],$$

што претставува според напред реченото и услов за интеграбилност.

15. Лесно се установува дека некои познати услови за интеграбилност на диференцијалната равенка (2. 26) односно (2. 29) или на специјални случаи од нив, произлегуваат од условот (2. 30) даден од нас.

Така нпр. условите

$$A=-p(\alpha+p),\ B=-(\alpha q+\beta p+2pq+p),\ C=-q(\beta+q),$$

